ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

ул. Македонија 12/3
1000 Скопје
Република Македонија
Тел: + 389 2 3211 262
Факс: +389 2 3126 311
e-mail: dzr@dzr.gov.mk
www.dzr.gov.mk

**Број:** 26 – 200/5

**Дата:** 28.05.2013

ДО

АГЕНЦИЈА ЗА ВРАБОТУВАЊЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

## 1. Резиме

Во 2011 година беше извршена ревизија на финансиските извештаи на Агенцијата за вработување на Македонија (во натамошниот текст – Агенција) за 2010 година.

Цел на ревизијата на финансиските извештаи беше изразување мислење за тоа:

- дали финансиските извештаи вистинито и објективно ја искажуваат финансиската положба и резултатот на финансиските активности во согласност со применетата законска регулатива;
- дали финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи на Агенцијата за вработување на Република Македонија се во согласност со релевантната законска регулатива, упатствата и воспоставените политики.

Во овој извештај на Овластениот државен ревизор презентирани се резултатите од извршената ревизија на спроведување на препораките на Агенцијата. Во извештајот беа опфатени функционалните области на финансиско известување, оценка на системот на интерни контроли во процесот на плаќање, користените сметководствени политики и начела, испитување на докази за потврдување конкретни финансиски трансакции, организациона поставеност и финансиско раководење на субјектот.

Во Конечниот извештај на Овластениот државен ревизор број 2011 02 03 од 2012 година беа дадени осум препораки кои се однесуваат на претходно наведените функционални области.

Препораките се однесуваат на преземање мерки од страна на одговорното лице на Агенцијата, за отстранување на утврдените слабости во информациониот систем, во делот на усогласеност со законите и прописите, вистинито и објективно прикажување на билансните позиции во финансиските извештаи.

Агенцијата нема донесено Акционен план за имплементација на препораките по извршената ревизија за 2010 година со утврдени рокови и определени обврски по организациони делови и области, поради што со непосреден увид во спроведување на постапките за отстранување на утврдените слабости ревизијата даде оценка за степенот на спроведување на препораките. Имено, спроведени се 3 препораки што претставува 37,5% во однос на вкупно дадените препораки, во тек е спроведување на 3 препораки или 37,5%, додека не се спроведени 2 препораки што претставува 25% од дадените препораки.

Според сумираните резултати од спроведување на препораките ревизијата утврди дека Агенцијата има направено значаен напредок во спроведување на препораките на Овластениот државен ревизор, при што е утврден следниот статус по групи:

Статусот на спроведување на препораките е даден во следниот преглед:

**Преглед 1**

| | 2010 | |
|---|---|---|
| **Статус на препораките на денот на вршење на ревизијата** | **Број на препораки** | **%** |
| Спроведени | 3 | 37,5% |
| Во тек | 3 | 37,5 % |
| Неспроведени | 2 | 25% |
| **Вкупно** | 8 | 100% |

Од страна на одговорното лице во законски пропишаниот рок не се добиени забелешки на Конечен извештајот.

## 2. Вовед

### 2.1. Предмет на ревизија

Предмет на овој Конечен извештај е извршената ревизија на спроведувањето на дадените препораки во конечниот извештај на овластениот државен ревизор за извршена ревизија кај Агенцијата на финансиските извештаи за 2010 година, број 2011 02 03 од 2012 година.

### 2.2. Законски основ

Ревизијата од точка 1 на овој извештај е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 23 од Законот за државна ревизија.

### 2.3. Континуитет

Не е вршена ревизија, ниту сме издале било каков извештај, за спроведувањето на дадените препораки во конечниот извештај на овластениот државен ревизор на Агенцијата за годината која и претходи на годината која е предмет на оваа ревизија.

### 2.4. Одговорност на раководството на субјектот и на ревизорите на ДЗР

Спроведувањето на препораките дадени во конечниот извештај на овластениот државен ревизор е одговорност на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, застапувано од :

- Влатко Попоски, директор на Агенцијата од 9.11.2010 година

Одговорност и задача на ревизорите е да извршат ревизија/проверка на степенот до кој препораките дадени во конечниот ревизорски извештај се спроведени и да донесат заклучоци врз база на прибраните докази.

## 3. Цели на ревизијата

Цел на ревизијата е да се оцени степенот до кој препораките по наодите презентирани во Конечниот извештај на Овластениот државен ревизор број 2011 02 03 од 2012 година за Агенцијата се спроведени, како и оцена на соодветноста на преземените мерки по однос на дадените препораки.

## 4. Опфат и методологија, период на вршење на ревизијата и извршители

**4.1.** Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховни ревизорски институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија при вршењето на државната ревизија. За време на ревизијата, извршивме испитување на сметководствените евиденции и поткрепувачката документација, спроведовме ревизорски постапки за оцена на усогласеноста со ревизорските стандарди и закони и одредување на соодветноста на постапките во однос на ревизорските цели, интервјуиравме одговорни лица на субјектот, извршивме процена на користени сметководствени принципи, како и на важни проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, дадовме општа оценка на презентираните докази за спроведување на препораките и оценка за конкретни финансиски трансакции. Веруваме дека извршената ревизија ни обезбедува разумна основа за степенот до кој препораките по наодите презентирани во конечниот извештај на овластениот државен ревизор број 2011 02 03 од 2012 година на Агенцијата се спроведени, делумно спроведени или се во фаза на спроведување и соодветноста на превземените мерки.
Ревизијата од точка 2.1 на овој извештај е извршена во период од 15 до 24 јануари .2013 година, во просториите на Агенцијата од страна на тим на Државниот завод за ревизија.

## 5. Резултати од ревизијата на спроведување на препораките

Прашањата кои ги покрива овој извештај беа дискутирани на завршниот состанок со раководството и одговорните лица на Агенцијата кој се одржа на ден 31.01.2013 година.

### 5.1. Интерни контроли

#### 5.1.1. Наод од конечниот извештај на ОДР, точка 4.1.4.

Со анализата на информациониот систем на Агенцијата констатирана е следната состојба:

- Агенцијата нема резервна надворешна копија на податоците кои произлегуваат од работењето;
- Апликациите за финансиското работење за минатите години не се заклучени и постои можност од нивна промена.

Констатираната состојба не е во согласност со меѓународните стандарди и најдобри пракси за ИТ безбедност што доведува до ризик од губење на податоци во случај на хаварија и непочитување на законскиот рок за чување на податоците од

финансиските извештаи, пропишан со одредбите од член 10 од Законот за сметководство за буџетите и буџетските корисници. Воспоставената пракса доведува до ризик од можно искажување на неверодостојни податоци во електронска форма или губење на претходно евидентирани податоци во електронска форма.

**Препорака**

- Одговорното лице да преземе мерки за зголемување на безбедноста на чување и достапност до податоците во случај на хаварија, како и ажурирање на процедурите за изготвување на надворешна копија на сите податоци кои се неопходни,
- Одговорното лице да преземе мерки за воспоставување на процедура со која нема да се дозволи промена на сметководствените податоци кои се однесува на претходните години.

**Тековен статус на препораката**

Спроведена е препораката, при што во Агенцијата се прави надворешна копија на базите на податоци на Агенцијата преку постојната БНП линија. На овој начин е зголемена безбедноста на чување и достапност на податоците во случај на хаварија, како и ажурирање на процедурите за изготвување на надворешна копија на сите неопходни податоци. Исто така, воспоставена е политика на чување на податоците од финансиските извештаи, така што апликациите за финансиското работење за минатите години се заклучуваат и не се дозволува пристап и внесување на дополнителни податоци после рокот за затворање на деловните книги.

**5.2. Усогласеност со закони и прописи**

**5.2.1. Наод од конечниот извештај на ОДР, точка 4.2.2.**

Со Законот за вработување на инвалидни лица уредени се посебните услови и погодности за вработување и работење на инвалидните лица, додека условите и начинот на доделување на средствата од Посебниот фонд се пропишани со Правилникот за критериумите и начинот на доделување на средствата од Посебниот фонд за обезбедување на услови за вработување и работење на инвалидните лица. Согласно Законот, средствата за оваа намена се издвојуваат на посебна потсметка и тоа 10% од вкупно остварените средства од придонесот за вработување. За 2010 година по овој основ се издвоени 166.377 илјади денари, средства предвидени и со финансискиот план.

Во 2010 година поднесени се 368 барања, од кои решени се 327 (88,86%) а од нив 264 (80,7%) ги исполниле условите, додека 63 (19,3%) се одбиени поради неисполнување на условите. Барањата претежно се од 2009 година (214 или 80%), но има барања поднесени од 2004, 2006 и од 2007 година. Според информациите од службеното лице, причини за ненавременото решавање на барањата во предвидениот рок се: недостиг на средства кој е резултат на измените на Законот, во смисла на менување на издвоениот процент од придонесот за вработување на посебната потсметка , како и зголемување на износот на доделени средства на корисниците, и извршени пренамени на средствата од Посебниот фонд за други цели во минати години.

Агенцијата нема воспоставена целосна база на податоци за корисниците на средствата од Посебниот фонд, како и податоци за бројот на извршени контроли од центрите за наменското користење на средствата, односно исполнување на обврските предвидени во договорите склучени со корисниците. Врз основа на изнесеното, ревизијата не се увери во целосната примена на член 23 од Законот, во кој е предвидено Агенцијата да врши увид во наменското користење на средствата.

До стручната служба на Агенцијата од центрите за вработување се испратени повеќе записници од извршени контроли во Заштитните друштва за наменското користење на средствата, но истите не претставуваат потврда дека се извршени контроли кај сите корисници од соодветните центри.

Нецелосната база на податоци по корисници (година на користење, број и датум на извршени контроли) по центри, може да доведе до ненаменско користење на средствата од Посебниот фонд, а со тоа и неостварување на мерките за унапредување на вработувањето на инвалидните лица.

**Препорака**

Одговорното лице, во рамките на своите финансиски можности, да презема мерки за изработка на посебна програма за електронско следење на наменското користење на средствата од посебниот фонд по корисници, центри за вработување, број и датум на извршени контроли.

**Тековен статус на препораката**

Спроведена е препораката во делот на изработка на посебна програма за електронско следење на наменското користење на средствата од Посебниот фонд по корисници, центри за вработување, број и датум на извршени контроли. Имено, вградена е опција за електронско водење на записниците за наменско искористените средства од Посебниот фонд.

## 5.3. Финансиски извештаи

### 5.3.1. Наод од конечниот извештај на ОДР, точка 4.3.1.

Сметководствената вредност на градежните објекти (деловни простории и одморалишта) на Агенцијата е проценета во износ од 326.555 илјади денари. Агенцијата го нема утврдено вкупниот број на објекти со кои располага, што влијае на реалноста на искажаната вредност на истите во билансот на состојбата. Имено, со увид во добиената документација за материјалните средства, направените разговори со одговорното лице за извршување на работните задачи од имотно правните односи и остварената посета на неколку Центри за вработување, ревизијата ја констатирано следната состојба:

- Необезбеден имотен лист/поседовен лист (Централа и пет центри за вработување) како доказ за сопственост и како веродостоен документ за сметководствено евидентирање, согласно одредбите од член 12 од Законот за сметководство за буџетите и буџетските корисници,
- Необезбеден упис во катастарот за недвижности кај десет центри за вработување, во услови кога за истите објекти се обезбедени имотни листи/поседовни листи, што не е во согласност со одредбите од член 71 и 111 од Законот за катастар на недвижности,
- Имотни листи за градежни објекти од два центри за вработување кои гласат на Република Македонија, како и имотни листи од два центри кои имаат забелешка дека предметите не се изложени,
- Со увид на документацијата и извршените разговори со одговорните лица во еден од центрите, ревизијата се информира дека за еден објект поради ненавремено превземени правни мерки, Агенцијата води повеќе децениски судски спор со претпријатие од дрвната индустрија;
- Поради неодговорниот однос на одговорното лице во еден од центрите за вработување и непостапување согласно добиената покана од Одделението за премер и катастар во 2006 година испуштена е можноста за запишување на правата на недвижности по службена должност, за што е добиен Заклучок од Одделението за запирање на постапката. Во 2007 и 2008 година поднесена е жалба до Комисијата за решавање на управни работи во втор степен од обласа на премерот, катастарот и запишување на правата на недвижности при Владата на Република Македонија, но постапката се уште не е завршена.

Од страна на надлежните органи на Агенцијата во текот на 2010 година поднесени се 17 барања до општините за утврдување на правниот статус на бесправните предмети.

Ваквата состојба на неевидентирани или евидентирани објекти за кои не постои веродостоен документ, нерешените имотно правни односи како и неизвршеното

излагање на објектите и упис во катастар за недвижности, предизвикува нереално и необјективно да бидат прикажани материјалните средства во Билансот на состојбата.

**Препорака**

Одговорното лице да продолжи со активностите во обезбедување на веродостојни документи како основ за евидентирање на градежните објекти со кои располага.

**Тековен статус на препораката**

Постапките по барањата за утврдување на правен статус на бесправно изградени објекти покренати од Агенцијата се во тек, односно досега изработени се и доставени до надлежните општини, геодетски елаборати за пет Центри за вработување, и тоа: Дебар, Куманово, Тетово, Гостивар и Прилеп, за кои од страна на општините сеуште не се донесени акти - решенија за истите. Притоа, извршени се геодетски мерења во уште неколку Центри за вработување, а изработката на геодетски елаборати за истите е во тек. Со спроведувањето односно завршувањето на постапките за утврдување на правниот статус на бесправно изградени објекти ќе се разреши прашањето за објектите за кои не е обезбеден имотен/поседовен лист, односно за објектите за кои ќе произлезе дека не е потребно да се водат постапки согласно Законот за утврдување на правен статус на бесправно изградени објекти и ќе се покренат постапки за јавно излагање. По службен пат се барани податоците за имотот-објектите од Агенцијата за катастар на недвижности при што има одредени измени ажурирани со службените дејствија кои ги спроведува овој орган.

**5.3.2. Наод од конечниот извештај на ОДР, точка 4.3.2.**

Позицијата природни богатства искажана во износ од 7.993 илјади денари не ја отсликува реалната и објективна состојба, бидејќи истата е проценета за вредноста на земјиштето кое го поседува еден од центрите за вработување, но за земјиштето со кое располагаат останатите центри не е извршено излагање, вреднување и сметководствено евидентирање, иако за најголем дел од нив се обезбедени имотни/поседовни листи.
Неизвршеното вреднување и евидентирање на земјиштето, предизвикува до нереално и необјективно прикажување на позицијата природни богатства во Билансот на состојба.
Наведеното не е во согласност со одредбите од член 111 од Законот за катастар на недвижности.

**Препорака**

Надлежните органи за управување и раководење со Агенцијата да преземат мерки за излагање на останатото земјиште.

**Тековен статус на препораката**

Спроведувањето на препораката е во тек. Имено, при решавањето на барањата за утврдување на правниот статус на бесправно изградени објекти покренати од Агенцијата, општините по службена должност превземаат дејствија за запишување односно за јавно излагање на земјиштето. Таму каде што излагањето на земјиштето нема да биде опфатено по службена должност од општините, Агенцијата ќе иницира соодветни постапки за истото.

**5.3.3. Наод од конечниот извештај на ОДР, точка 4.3.3.**

Агенцијата во 2010 година нема воспоставено материјална евиденција на залихите на набавениот ситен инвентар, канцелариски и други материјали, иако е набавен нов софтвер за нивно евидентирање. Не се обезбедени просторни услови за нивно складирање, а приемот и издавањето на истите како во Централата така и во центрите се врши без изготвување на документ за прием и издавање на истите, што не е во согласност со прифатените сметководствени принципи како што е пропишано во член 2 од Законот за сметководство на буџетите и буџетските корисници.

Невоспоставената материјална евиденција и неизготвувањето на соодветни документи за прием и издавање на ситниот инвентар, канцеларискиот и друг материјал, создава ризик од нивно неовластено користење и нереално искажување на податоците во финансискиот извештај Биланс на состојба.

**Препорака**

Одговорното лице да преземе активности за воспоставување на материјална евиденција за залихите на ситниот инвентар, канцеларискиот и друг материјал и изготвување на соодветни документи при прием и при издавање на истите.

**Тековен статус на препораката**

Не е воспоставена материјална евиденција на залихите на набавениот ситен инвентар, канцелариски и други материјали, во услови кога е набавен нов софтвер за нивно евидентирање и кога не се обезбедени просторни услови за нивно

складирање, а приемот и издавањето на истите се врши без изготвување на соодветен документ.

**5.3.4. Наод од конечниот извештај на ОДР, точка 4.3.4.**

Со увид во сметководствената евиденција на побарувањата, материјалните средства, пописниот материјал и остварената посета на неколку Центри за вработување, ревизијата го констатира следното:

- Не е извршен попис на побарувањата кои во сметководството се искажани во износ од 21.908 илјади денари, по основ на: ненаплатени закупнини во износ од 18.340 илјади денари, дадени краткорочни позајмици во износ од 3.005 илјади денари и побарувања од вработени во износ од 563 илјади денари. Имено, комисијата за попис не извршила проверка на реалноста на искажаните износи на побарувањата, не потврдила дали и какви мерки се преземени од одговорното лице за нивна наплата и не предложила мерки за нивна наплата односно отпис;
- Опремата по Центрите не е идентификувана со инвентарни броеви (освен во Централата на Агенцијата);
- Пописните листи за материјалните средства не содржат вредносни показатели за набавените количини;
- Не е извршено усогласување на состојбата на средствата искажани во сметководството со фактичката состојба.

Наведеното укажува дека не е постапено согласно одредбите од член 21 од Законот за сметководството за буџетите и буџетските корисници и член 29 и 31 од Правилникот за сметководство за буџетите и буџетските корисници, во кои се пропишани обврските за вреднување на билансните позиции и спроведување на пописот.

Неизвршениот или нецелосно извршениот попис влијае на реално и објективно искажување на податоците во финансискиот извештај Биланс на состојба на ден 31 декември и претставува ризик од ненавремено преземање правни мерки за наплата на побарувањето.

**Препорака**

Одговорното лице да преземе мерки за целосно спроведување на пописот на средствата, побарувањата и обврските и да изврши усогласување со сметководствената состојба.

**Тековен статус на препораката**

Спроведена е препораката во врска со целосно спроведување на пописот. Имено, со увид на пописниот елаборат за 2011 година, констатирано е дека пописниот елаборат, односно пописните листи се пополнети согласно одредбите од Правилникот за сметководство за буџетите и буџетските корисници, извештајот од комисијата за попис е усвоен од страна на надлежниот орган и извршено е усогласување на фактичката со сметководствената состојба во законски пропишаниот рок.

**5.3.5. Наод од конечниот извештај на ОДР, точка 4.3.5.**

Ревизијата констатира дека на крајот на 2010 година искажани се побарувања од вработени лица во износ од 563 илјади денари по основ на пречекорување на лимитот за користење на мобилни телефони, аванси за службени патувања, набавка на материјали и задолжување по основ на верна картичка за набавка на гориво.
До денот на ревизијата наплатени се 60 илјади денари, при што е останат дел од ненаплатените побарувања од 503 илјади денари.
Според укажувањата на одговорните лица, лицата кои биле задолжени по разни основи, биле предупредени дека треба да го исплатат долгот, дел од вработените имаат дадено писмени изјави дека наскоро ќе ги вратат средствата. Пописната комисија ја има констатирано состојбата, но не е даден предлог како да се наплати долгот.
Констатираната состојба е спротивно на член 2 од Законот за сметководство на буџетите и буџетските корисници, според кој водењето на сметководство се заснова на вистинито,сеопфатно,благовремено, ажурно и поединечно искажување на билансните позиции и одредбите од член 3 и член 46 од Законот за буџетите, според кои извршувањето на буџетот се заснова на начелата на одговорност, законитост, економичност, ефикасност, ефективност и наменско користење на средствата.

**Препорака**

Одговорните лица во Агенцијата во најкраток рок да преземаат мерки за наплата на побарувањата од вработените.
**Тековен статус на препораката**

Спроведувањето на препораката е во тек. Доставено е барање за вештачење за ненаплатените побарувања по основ на пречекорувања на лимитот за службен мобилен телефон, аванс за службени патувања, набавка на материјали и гориво

кои Агенцијата ги има кон вработените и поранешните вработени. Добиен е Вешт наод и мислење од Национална групација за судски вештачења. Следи утужување.

**5.3.6. Наод од конечниот извештај на ОДР, точка 4.3.6.**

Со ревизијата е констатирано дека Агенцијата со состојба на 31.12.2010 година има искажано ненаплатени побарувања по основ на неплатен придонес за вработување во износ од 84,387 илјади денари. Евидентирањето е спроведено во синтетички износ врз основа на добиеното писмо од Управата за јавни приходи од февруари 2011 година. Наведената сума се однесува на побарувања евидентирани по стапување во сила на Законот за придонеси од задолжително социјално осигурување, но нема евидентирано побарување по основ на придонесот за вработување за периодот до 31.12.2008 година кога пресметувањето и наплатата на придонесот беше во надлежност на Агенцијата. Имено, со член 32 од Законот за придонесите од задолжително социјално осигурување, Агенцијата има обврска да ги наплати ненаплатените придонеси, како и започнатите постапки до јануари 2009 година.

Побарувањата по основ на ненаплатен придонес од вработување, евидентирани во период од 01.01.2009 година и пресметани според одредбите на Законот за придонесите од задолжително социјално осигурување е регулирано со договор потпишан помеѓу Агенцијата и Управата за јавни приходи. Според Договорот Агенцијата добива информации од Управата за јавни приходи само за наплатениот износ на придонесот, но не и за пресметаната обврска на обврзниците, со што Агенцијата нема целосни информации колку се побарувањата по основ на придонесот, потребно за креирање на активностите во наредниот период и каква е динамиката на наплатата на придонесот од страна на обврзниците.

Побарувањата за неплатен придонес за вработување заклучно со 31.12.2008 година не се искажани во сметководствена евиденција и во финансискиот извештај.

На ревизијата не и беа презентирани записници од извршени контроли од страна на стручната служба на Агенцијата за наплата на придонесот по центрите за вработување.

Ненавремената наплата на придонесот за вработување, може да предизвика да не се остварат планираните приходи по тој основ, што има влијание врз извршувањето на основната задача на Агенцијата, финансирање на исплатата на остварените права на осигурениците по основ на невработеност.

**Препораки**

- Стручната служба на Агенцијата да изготви целосна анализа за состојбата на ненаплатените побарувања по основ на придонесот за вработување, настанати пред 2008 година, со утврдување на вредносните показатели за

обврзниците на ненаплатениот придонес, причината за не наплатувањето и статусот на обврзниците;
- Во анализата да се предложат конкретни оперативни мерки и датуми за динамиката на активностите за наплата или расчистување на истите. Изготвената анализа да се разгледа од Управниот одбор,
- Континуирано да се следи извршувањето на активностите по усвоените мерки и еднаш месечно писмено да се известува Управниот одбор за реализација на мерките.
- Надлежните служби по центрите за вработување поинтензивно да се ангажираат за евидентирањето и наплатата на придонесот за вработување.

**Коментар на субјектот**

Одговорното лице на Агенцијата не постапило по препораката од причина што Управата за јавни приходи како надлежна институција за наплата на придонесот, во изминатиот период не постапува согласно одредбите од член 21 од Законот за придонеси од задолжително социјално осигурување и не доставува целосни податоци за: обврзниците за плаќање на придонесот, основица на придонесот, износот на пресметаниот, наплатениот и ненаплатениот дел од придонесот.
Покрај наведеното, причините за неевидентираните и ненаплатените придонеси до 2008 година се: дел од обврзниците се во ликвидација или стечај, дел претставуваат неактивни обврзници (немаат ниту еден вработен), дел се активни обврзници, но не го плаќаат придонесот и обврзници кои не се усогласени со Законот за трговски друштва од 1998 година и не ги мигрирале сметките во банките со стапувањето во сила на Законот за платен промет од 2002 година, чии сметки се наоѓаа во поранешната Агенција за блокирани сметки, а сега во Управата за јавни приходи.

**Тековен статус на препораките**

Стручната служба на Агенцијата нема изготвено целосна анализа за состојбата на ненаплатените побарувања по основ на придонесот за вработување, настанати пред 2008 година, со утврдување на вредносните показатели за обврзниците на ненаплатениот придонес, причината за ненаплатувањето и статусот на обврзниците.

## 6. Заклучоци

Државниот завод за ревизија утврди дека е направен задоволителен прогрес во имплементацијата на препораките дадени во Конечниот извештај на ОДР за 2010 година.

Преземени се активности во обезбедување на копија на базите на податоци на Агенцијата, зголемена е безбедноста на чување и достапност на податоците во случај на хаварија, апликациите за финансиското работење за минатите години се заклучуваат, започнати се постапки за утврдување на правниот статус на бесправно изградените објекти, преземени се активности и во делот ненаплатените побарувања кои Агенцијата ги има кон вработените и поранешните вработени и за истите е спроведено вештачење, потребно за утужување на истите.

Одговорното лице на Агенцијата да преземе мерки и активности за имплементација на не спроведените препораки кои се однесуваат на воспоставување на материјална евиденција на залихите на набавениот ситен инвентар, канцелариски и други материјали, да иницира средба со одговорното лице од Управата за јавни приходи, со цел да се надмине сегашната состојба и да се добиваат целосни податоци согласно наведената законска регулатива и да достави барање до надлежните органи заради дефинирање на статусот на одделни субјекти кои имаат обврски по основ на придонесот.

Ревизорски тим: Овластен државен ревизор

1.__________________ ______________________________

2.__________________